**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

---

ул.„Битолска“ бр.8 7240 Демир Хисар
demirhisar@demirhisar.gov.mk
047 552 661

бр. 08-1157/1
25.11.2025
Општина
Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 алинеја 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и 202/24) како и членовите 94 став 3 и 139 став 2 точка 16 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21) , а во врска со Правилата за работа на месните заедници во Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.14/13 и 16/13), Градоначалникот на Општина Демир Хисар ја донесе следнава:

# Одлука
## за распишување на избори во месните/урбани заедници во Општина Демир Хисар

Член 1

Се распишуваат избори во месните/урбани заедници во Општина Демир Хисар.

Изборните дејствија ќе се одвиваат според одредбите на Законот за локална самоуправа, Статутот на Општина Демир Хисар и Правилата за работа на месните заедници во Општина Демир Хисар.

Член 2

Поради унифицираност на постапката, изборите во сите месни/урбани заедници во Општина Демир Хисар ќе се одржат на 8.12.2025 година (понеделник).

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Општина ДемирХисар
Градоначалник
Никола Најдовски

---